**ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР**
**НА Р.МАКЕДОНИЈА**
**СКОПЈЕ, 02-01/7**
**14.02.2005 година**

Врз основа на член 18-а став 1 од Законот за Централен регистар ( „Сл.весник на Р.М.“ бр. 50/01 и 49/03 ), Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија на седницата одржана на 14.02.2005 година, донесе

# ТАРИФА
## за изменување и дополнување на Тарифата на Централниот регистар на Република Македонија

### Член 1

Во Тарифата на Централниот регистар на Република Макеоднија („Сл. весник на РМ“, бр. 09/2004), во членот 1 став 1 во тарифната ставка 8 бројот „24“ се заменува со бројот „40“, а зборовите „пречистен текст “ се бришат.

Тарифната ставка 9 се менува и гласи:

„Нареден примерок од веќе изготвен бонитет“, а во колоната 3 зборовите „ Извештај ( препис )“ се бришат.

Тарифната ставка 10 се менува и гласи:

„Давање на бонитет на новоосновани субјекти кои започнале со работа во тековната година и кои работат помалку од шест месеци“.

По тарифната ставка 19 се додаваат две нови тарифни ставки 19-а и 19-б кои гласат:

„19 – а: Еден збирен податок на ниво на Република Македонија:
- до 100 субјекти – 1.000,00 денари
- од 101 до 1.000 субјекти – 1.500,00 денари
- од 1.001 до 2.500 субјекти – 2.000,00 денари
- од 2.501 до 10.000 субјекти – 2.500,00 денари
- од 10.001 до 50.000 субјекти – 3.000,00 денари
- над 50.000 субјекти – 7.000,00 денари“.

„19 – б: Сите збирни податоци на ниво на Република Македонија:
- до 1.000 субјекти – 40.000,00 денари
- од 1.001 до 2.000 субјекти – 60.000,00 денари
- од 2.001 до 3.000 субјекти – 80.000,00 денари
- од 3.001 до 4.000 субјекти – 100.000,00 денари
- од 4.001 до 5.000 субјекти – 120.000,00 денари
- од 5.001 до 10.000 субјекти – 150.000,00 денари
- од 10.001 до 20.000 субјекти – 200.000,00 денари
- од 20.001 до 30.000 субјекти – 250.000,00 денари
- од 30.001 до 40.000 субјекти – 300.000,00 денари
- над 40.000 субјекти – 350.000,00 денари“.

**Член 2**

Во членот 2 став 1 по точката 5 се додава нова точка 6, која гласи:

6. „Наведените намалувања од овој член не се однесуваат на тарифните ставки 19 - а и 19 - б“.

**Член 3**

По членот 2 се додаваат два нови члена 2-а и 2-б кои гласат:

„Член 2-а“

Со сите големи корисници на информации, Централниот регистар на Република Македонија може да склучи договор на годишно ниво со кој ќе се утврдат пониски износи на надоместоците утврдени со член 1 од Тарифата на Централниот регистар на Република Македонија.

Голем корисник е оној корисник кој на годишно ниво сукцесивно ќе добие најмалку 500 информации од една тарифна ставка утврдена со Тарифата на Централниот регистар на Република Македонија.

Надоместокот од став 1 на овој член се утврдува од поединечните надоместоци за секоја поединечна информација утврдена со член 1 од Тарифата, намален од 50% до 75%, и тоа:

- 500 информации – 50% попуст
- од 501 до 600 информации – 60% попуст
- од 601 до 700 информации – 70% попуст
- над 700 информации – 75% попуст.

„Член 2-б“

На државните органи и другите државни институции корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и единки корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, податоците утврдени по тарифните ставки во оваа тарифа ќе се издаваат на начин и под услови утврдени со договор помеѓу Министерството за финансии и Централниот регистар.

**Член 4**

Оваа Тарифа ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето на согласноста на Владата на Република Македонија во „Службен весник на Република Македонија“.

**Претседател**
**на Управен одбор,**
Трајко Спасовски